АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:


Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

Примено / Pranuar: 20.06.2023

| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 2553 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 јуни 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 јуни 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Членовите 53, 54, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудио комерцијални комуникации);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз радискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 6 јуни 2023 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 54, став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*не е дозволено*

*спонзорство на вести, актуелно-информативни програми за тековните настани и на верски програми*).

Во програмскиот сервис од 6 јуни 2023 година, дел од информациите емитувани во рамките на изданијата на вестите, односно на кусите дневноинформативни емисии насловени „*Вести на Метрополис радио*" (табела 1), беа спонзорирани од претпријатието „Пнеуматик" (pneumatik.mk), а на одјавната и на најавната шпица од изданијата на - „*Една минута позитивни вести*" (табела 2) беше нагласено дека се изработени (цитат): „*Заедно со Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони и Совет на странски инвеститори*".

**Табела 1 – 06.06.2023 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| *Вести на Метрополис радио* (состојба на патиштата – „спонзорирано од Пнеуматик"); | 09:01:43 | 09:03:24 | *Недозволено спонзорство на вести.* |
| *Вести на Метрополис радио* (состојба на патиштата – „спонзорирано од Пнеуматик"); | 10:00:20 | 10:02:36 | |
| *Вести на Метрополис радио* (состојба на патиштата – „спонзорирано од Пнеуматик"); | 11:01:02 | 11:02:48 | |
| *Вести на Метрополис радио* (состојба на патиштата – „спонзорирано од Пнеуматик"); | 12:00:20 | 12:02:09 | |
| *Вести на Метрополис радио* (состојба на патиштата – „спонзорирано од Пнеуматик"); | 13:01:09 | 13:03:19 | |
| *Вести на Метрополис радио* (состојба на патиштата – „спонзорирано од Пнеуматик"); | 14:01:09 | 14:03:34 | |
| *Вести на Метрополис радио* (состојба на патиштата – „спонзорирано од Пнеуматик"); | 15:01:15 | 15:03:50 | |
| *Вести на Метрополис радио* (состојба на патиштата – „спонзорирано од Пнеуматик"); | 16:00:26 | 16:02:34 | |
| *Вести на Метрополис радио* (состојба на патиштата – „спонзорирано од Пнеуматик"); | 17:01:06 | 17:03:30 | |

Табела 2 – 06.06.2023 г.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| *„Една минута позитивни вести“*<br><br>- заедно со Дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони и Совет на странски инвеститори“ | 11:14:41 | 11:16:37 | *Недозволено спонзорство на вести.* |
| | 12:12:38 | 12:14:33 | |
| | 13:14:29 | 13:16:23 | |
| | 14:12:56 | 14:14:54 | |
| | 15:14:24 | 15:16:20 | |
| | 16:13:37 | 16:15:33 | |
| | 17:14:32 | 17:16:29 | |
| | 18:07:40 | 18:09:35 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на радиопрограмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, од 6 јуни 2023 година, емитуван на државно ниво, беа спонзорирани вестите, односно изданијата на кусите дневноинформативни емисии насловени: „Вести на Метрополис радио“ и „Една минута позитивни вести“.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***